**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од 12 продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 мај 2001 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За да продолжиме со работа, молам, сега прецизно службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Присуствуваат 90 пратеници.

Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Дами и господа пратеници, ве потсетувам дека го заклучивме претресот по текстот на Предлогот на Законот за одбрана.

Преминуваме на гласање.

Согласно член 120, став 2 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 89 пратеници.

83 пратеници гласаа за. 5 пратеници гласаа воздржано. 1 пратеник гласаше воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за одбрана. (Аплауз).

Со тоа го заклучувам 12-то продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,30 часот).